**ЗАПИСНИК**
**од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 18.05.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата сите членови на Советот се присутни, единствено што г-дин Трајчев повремено ќе работи без видео врска поради слаба интернет конекција, но ќе може сите присутни да ги слушне и ќе може активно да учествува и дискутира. Во врска со гласањето доколку не е видео приклучен, објасни дека ќе може аудио, односно усно да се изјасни дали за дадениот предлогот е „за", „против" или „воздржан". Во врска со Дневниот ред објасни дека на седницата е поканет да учествува претставник од РАДИО 102КА-ФМ, но до овој момент тој сѐ уште не е приклучен на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски констатира дека смислата на оваа седница е да биде присутен радиодифузерот и да даде негово образложение или забелешки доколку според него Советот евентуално некаде погрешил. Но рече бидејќи не е присутен не ја гледа логиката од дискусија, но сепак отвори дискусија доколку некој сака да се јави.

Бидејќи претставникот на радиодифузерот не беше присутен и никој не се јави за дискусија, г-дин Петрушевски ја затвори седницата.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-1950/2
21.05 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**